ФЗОРСМ
FSSHRMV
Фонд за здравствено осигурување на Република Северна Македонија
Fondi për sigurim shëndetësor i Republikës së Maqedonisë së Veriut

**Број:** ____________
**Датум:** ____________

# УПАТСТВО ЗА НАЧИНОТ НА ПРОПИШУВАЊЕ И ИЗДАВАЊЕ НА ЛЕК НА РЕЦЕПТ ОД ЛИСТАТА НА ЛЕКОВИ КОИ ПАЃААТ НА ТОВАР НА ФОНДОТ ЗА ЗДРАВСТВЕНО ОСИГУРУВАЊЕ НА РСМ

**Ова Упатство се применува веднаш.**

Со донесување на ова Упатство се повлекува *Упатство за начинот на пополнување на рецептен образец за пропишување на лек од Листата на лекови кои паѓаат на товар на ФЗОМ* со број 15-7773 од 23.05.2016.

Изготвил: Ирена Барутоска
Даниела Ордева Каркински
Контролирал: Самир Незири
Дијана Василеска
Даниела Јовческа Ѓуровска
Одобрил: Кристина Христова
Цвете Серафимовски
Амир Хусеини
Јасминка Смилевска
Сашо Станчески
Миле Сугарев

**ВД ДИРЕКТОР,**
**М-р Магдалена Филиповска Грашкоска**

**ДИРЕКТОР/UD DREJTOR,**
**Faton Ahmeti, Mr.sc., MBA**

## Доставено до:

- Архива на ФЗО
- Директори на сектори во ФЗО
- Внатрешна ревизија на ФЗО
- Раководители на ФЗО-Подрачни служби
- Лекарска комора
- Здружение на приватни лекари
- Стоматолошка комора
- Фармацевтска комора
- Управа за електронско здравство

## Содржина

УПАТСТВО ЗА НАЧИНОТ НА ПРОПИШУВАЊЕ И ИЗДАВАЊЕ НА ЛЕК ОД ЛИСТАТА НА ЛЕКОВИ КОИ ПАЃААТ НА ТОВАР НА ФЗО НА РЕЦЕПТ
УПАТСТВО ЗА НАЧИНОТ НА ПРОПИШУВАЊЕ И ИЗДАВАЊЕ НА ЛЕК ОД ЛИСТАТА НА ЛЕКОВИ КОИ ПАЃААТ НА ТОВАР НА ФЗО НА РЕЦЕПТ ........ - 1 -
1. НАМЕНА НА УПАТСТВОТО ........ - 3 -
2. ПРИМЕНА НА УПАТСТВОТО ........ - 3 -
3. ТЕК НА АКТИВНОСТИ ........ - 3 -
3.1. ПРОПИШУВАЊЕ НА ЛЕК НА РЕЦЕПТ НА ТОВАР НА ФОНДОТ ОД СТРАНА НА ЛЕКАР ........ - 3 -
3.1.1. ПОПОЛНУВАЊЕ НА ПОДАТОЦИ ЗА ОСИГУРЕНО ЛИЦЕ ВО РЕЦЕПТ НА ТОВАР НА ФОНДОТ ........ - 5 -
3.1.2. ПОПОЛНУВАЊЕ НА ПОДАТОЦИ ЗА ПРОПИШАН ЛЕК ВО РЕЦЕПТ НА ТОВАР НА ФОНДОТ ........ - 7 -
3.2. ИЗДАВАЊЕ НА ЛЕК НА РЕЦЕПТ НА ТОВАР НА ФОНД ВО АПТЕКА ........ - 10 -
3.2.1. ПОПОЛНУВАЊЕ НА ПОДАТОЦИ ЗА ИЗДАВАЊЕ НА ЛЕК НА РЕЦЕПТ НА ТОВАР НА ФОНДОТ ........ - 12 -
4. РЕФЕРЕНТНИ ДОКУМЕНТИ ........ - 15 -
5. ЗАПИСИ ........ - 15 -

## 1. Намена на Упатството

Ова упатство го објаснува начинот на пополнување на рецептен образец на товар на Фондот за здравствено осигурување на РСМ (во понатамошен текст: Фонд), во делот за пропишување лек и во делот за издавање на лек од *Листата на лекови кои паѓаат на товар на ФЗО*.

Воедно ова упатство го дефинира и текот на активностите и одговорноста за секоја активност за пропишување и издавање на лекови на рецепт на товар на Фондот за здравствено осигурување.

## 2. Примена на Упатството

Упатството е наменето за примена од сите здравствени работници кои вршат дејност во здравствените установи од примарна здравствена заштита (ординации и аптеки) кои имаат склучен договор со Фондот.

Упатството го применуваат и одговорните лица од Фондот за здравствено осигурување на РСМ, директорот на Фондот, директори на сектори во Фондот, раководители на одделенија во Фондот, раководители на подрачни служби на Фондот, одговорни лица за процесите во Фондот и други.

## 3. Тек на активности

Право на лекови од Листата на лекови за примарна здравствена заштита осигурено лице може да оствари врз основа на пропишан лек на рецептен образец од страна на лекар, согласно законските прописи и подзаконските акти.

Лековите од Листата на лекови кои паѓаат на товар на Фондот за примарна здравствена заштита се пропишуваат на рецептен образец на Фондот кој е објавен со *Одлука за утврдување на обрасците предвидени во Правилникот за содржината и начинот на остварувањето на правата и обврските од задолжителното здравствено осигурување*, донесена од страна на Управниот одбор на Фондот.

Со Одлуката се утврдени обрасци на: рецепт за пропишување на лек за осигуреник на ФЗО (Образец РО1) и рецепт за пропишување на лек за странски осигуреник (Образец РО2).

Врз основа на правилно пополнет и валиден рецептен образец, во ПЗУ аптека со договор со Фондот се врши издавање на лек на товар на Фондот на осигуреното лице.

## 3.1. Пропишување на лек на рецепт на товар на Фондот од страна на лекар

Лек на рецепт на товар на Фондот може да пропише: избран лекар, замена на избран лекар, дежурен лекар во дежурна служба на здравствен дом и рурален лекар вработен во здравствен дом (во понатамошен текст: лекар).

Избраниот лекар, лекарот замена или руралниот лекар, за осигурено лице, можат да пропишат лек на рецептен образец на Фондот од *Листата на лекови кои паѓаат на товар на Фондот*, согласно условите утврдени во Листата на лекови, вклучително и режимот на пропишување и индикациите.

Дежурниот лекар во дежурната служба на здравствениот дом, односно избраниот лекар кој дежура во дежурната служба што ја организира здравствениот дом, може да пропише лек на рецептен образец на Фондот, според *Одлуката за утврдување на лекови кои може да ги пропишуваат лекарите во*

*дежурната служба*, донесена од страна на Управниот одбор на Фондот.

Лекарот при пропишувањето на лек на рецепт на товар на Фондот, должен е да го употреби соодветниот рецептен образец за пропишување на лек на товар на Фондот и да го пропише/креира во електронска форма преку системот Мој термин на Управата за електронско здравство при Министерството за здравство. При електронското пропишување на рецепт од страна на лекар преку системот Мој термин за секој рецепт се генерира единствен идентификациски број на рецепт. Електронското пропишување на лек на рецепт преку системот Мој термин треба да се врши во согласност со техничките упатства на Министерството за здравство (Управата за електронско здравство), при што работењето во сопствените софтверски програми на ординациите и ЈЗУ здравствените домови, треба да е усогласено со техничките упатства и други упатства на Министерството за здравство (Управата за електронско здравство) и Фондот.

Лекарот е должен во рецептниот образец на Фондот да ги пополни целосно, правилно и точно: **првиот дел од рецептот** со податоците за осигуреното лице и **вториот дел на рецептот** со податоците за пропишаниот лек.

Во зависност од лекот кој се пропишува, односно од времетраењето на терапијата со лекот, пропишувањето на рецептите од страна на лекарот се врши на следниот начин:

- Лекови од групата **наркотика/опијати** – електронски преку системот Мој термин и во испечатена хартиена форма на рецептот во два идентични примероци со назнака „копија" на вториот примерок, при што пропишаниот рецепт треба да е идентичен во електронската и во хартиената форма.
- Лекови за **акутна терапија** – електронски преку системот Мој термин и во испечатена хартиена форма на рецептот, при што пропишаниот рецепт треба да е идентичен во електронската и во хартиената форма.
- Лекови за **хронична терапија** – електронски преку системот Мој термин.

Испечатениот хартиен рецепт се заверува од лекарот со читливи и препознатливи: негов личен факсимил и печат на здравствената установа каде е пријавен и врши здравствена дејност согласно договорот со Фондот, потврдени со негов личен рачен потпис.

Дежурниот лекар во дежурна служба на здравствен дом, пропишувањето на лек на рецепт го врши електронски преку системот Мој термин и во испечатена хартиена форма на рецептот, при што испечатениот хартиен рецепт го заверува со печат со број на шифра на дежурната служба и текст: ДЕЖУРНА СЛУЖБА, личен факсимил и потпис.

Руралниот лекар вработен во здравствен дом, пропишувањето на лек на рецепт го врши:

- за лек од групата наркотика/опијати или лек за акутна терапија - електронски преку системот Мој термин и во испечатена хартиена форма на рецептот (за лекови наркотика/опијати во два идентични примероци со назнака „копија" на вториот примерок), при што испечатените хартиени рецепти ги заверува со печат со број на шифра и име на здравствената установа со текст-РУРАЛЕН ЛЕКАР, личен факсимил и потпис,
- за лек за хронична терапија само електронски преку системот Мој термин.

Избраниот лекар секој пропишан лек на рецепт го запишува во здравствениот картон, во

електронскиот медицински дневник за амбулантски прегледи и во историјата на болеста од компјутерскиот програм, каде покрај дијагнозата се запишува и препишаниот лек и тоа: името на лекот, количината, јачината и препишаната дневна доза, согласно прописите од областа на здравството.

Дежурниот лекар секој пропишан лек на рецепт го заведува во дневникот за амбулантски прегледи (и во електронска форма, соодветно на условите).

Секој електронски пропишан рецепт преку системот Мој термин лекарот може да го испечати и по барање на осигуреното лице, во случај ако:

- осигуреното лице лекот не може да го набави во РСМ и истиот треба да го набави од странска земја, или
- ако на осигуреното лице му е потребен во постапките за надоместок (рефундација) на средства за набавен лек со лични средства.

Во овие случаи лекарот дополнително испечатениот хартиен рецепт го евидентира во здравствениот картон на осигуреното лице.

Избраниот лекар или неговата замена може да испечатат еден е-рецепт само еднаш, односно **не смеат** да издаваат повеќе од еднаш во хартиена форма ист рецепт означен со ист идентификациски број.

Во случај ако осигуреното лице се обрати до лекарот со барање за добивање хартиен рецепт, со изјава дека го изгубил претходно издадениот испечатен хартиен рецепт, потребно е лекарот да изврши електронско сторнирање на електронски нереализираниот предметен рецепт во Мој термин и електронски да пропише нов рецепт за кој на осигуреното лице ќе му се издаде и нова испечатена хартиена форма на рецепт.

Лекарот преку системот Мој термин (Управата за електронско здравство) за секое осигурено лице или странско осигурено лице кое остварува права во РСМ согласно законските прописи и склучените (преземените) договори за социјално осигурување, треба да има можност за увид во листа на електронски пропишани рецепти од негова страна, како и увид кои од овие електронски пропишани рецепти се и електронски реализирани, односно за кои пропишани рецепти се издадени лекови во аптека.

Согласно техничкото упатство на Министерството за здравство (Управата за електронско здравство), лекарот има можност електронски пропишаниот рецепт да го поништи/сторнира се додека тој рецепт не биде електронски реализиран, односно врз основа на него не биде издаден лек во аптека.

Доколку лекарите имаат прашања по однос на работењето со системот Мој термин потребно е да се обратат во Управата за електронско здравство, http://mojtermin.mk/patients/about-us

### 3.1.1. Пополнување на податоци за осигурено лице во рецепт на товар на Фондот

За **осигурени лица на Фондот**:

При пропишување на лекови на рецепт лекарот го употребува рецептниот образец за пропишување на лек за осигуреник на ФЗО (**Образец РО1**), при што:

a) Во случај кога рецептот се пропишува на носителот на осигурувањето лично, во првиот дел на рецептот, од страна на избраниот лекар/лекарот замена/дежурниот лекар/руралниот лекар се пополнуваат сите податоци и тоа: подрачна служба, име и презиме, адреса, ЕМБГ, ЕЗБО, основ на осигурување, се до делот од рецептот со наслов *„Податоци за носителот на осигурување"*, кој во овој случај не треба да се пополнува.

b) Во случај кога рецептот се пропишува на член на семејството на носителот на осигурување, во првиот дел на рецептот од страна на избраниот лекар/лекарот замена/дежурниот лекар/руралниот лекар се пополнуваат сите податоци за членот на семејството на кој е пропишан рецептот и задолжително се пополнува и делот со наслов *„Податоци за носителот на осигурување"* со потребните податоци за носителот на осигурувањето и тоа: име и презиме, ЕМБГ, ЕЗБО.

За **странски осигурени лица**:

**1.** При пропишување на лекови на рецепт за **странски осигурени лица со привремен престој во РСМ**, лекарот го употребува рецептниот образец за пропишување на лек за странски осигуреник (**Образец РО2**), при што:

a) Во случај кога рецептот се пропишува на носителот на осигурувањето лично, во првиот дел на рецептот, од страна на лекарот се пополнуваат податоците во зависност од документација врз основа на која се пропишува рецептот, и тоа:
- ***ЕНІС или Сертификат*** (издаден од странската држава во случај ЕНІС да е во изработка) – се пополнуваат податоци за: име и презиме, број на здравствено осигурување/идентификација, Број на ЕНІС/сертификат (се пополнува точниот број и не се пополнува со нули), држава и датум на раѓање.
- ***двојазичен образец*** - се пополнуваат податоци за: име и презиме, адреса (адреса на живеалиште во странската држава), број на здравствено осигурување/идентификација, држава и датум на раѓање.
- ***Потврда од Подрачна служба на Фондот*** *(во случај за замена на двојазичниот образец во Подрачната служба)* - се пополнуваат податоци за: Подрачна служба (се внесува податокот од која Подрачна служба е издадена Потврдата), име и презиме, адреса (адреса на живеалиште во странската држава), број на здравствено осигурување/идентификација, држава и датум на раѓање.

b) Во случај кога рецептот се пропишува на член на семејството на носителот на осигурување, во првиот дел на рецептот, од страна на лекарот се пополнуваат податоците во зависност од документација врз основа на која се пропишува рецептот, и тоа:
- ***ЕНІС или Сертификат*** (издаден од странската држава во случај ЕНІС да е во изработка) – се пополнуваат податоци за: име и презиме, број на здравствено осигурување/идентификација, Број на ЕНІС/ сертификат (се пополнува точниот број и не се пополнува со нули), држава и датум на раѓање, и **не се пополнуваат** податоците во делот со наслов *„Податоци за носителот на осигурување"*, со оглед дека странското осигурено лице има своја ЕНІС картичка во која не се содржани податоци за носител на осигурување.
- ***двојазичен образец*** - се пополнуваат податоци за членот на семејството на носителот на осигурување за: име и презиме, адреса (адреса на живеалиште во странската држава), број на здравствено осигурување/идентификација, држава и датум на раѓање, и **се пополнуваат**

податоците во делот со наслов *„Податоци за носителот на осигурување"* за носителот на осигурувањето: име и презиме и број на здравствено осигурување/идентификација.

- ***Потврда од Подрачна служба на Фондот*** *(во случај за замена на двојазичниот образец во Подрачната служба)* - се пополнуваат податоци за членот на семејството на носителот на осигурување за: Подрачна служба (се внесува податокот од која Подрачна служба е издадена Потврдата), име и презиме, адреса (адреса на живеалиште во странската држава), број на здравствено осигурување/идентификација, држава и датум на раѓање, и **се пополнуваат** податоците во делот со наслов *„Податоци за носителот на осигурување"* за носителот на осигурувањето: име и презиме и број на здравствено осигурување/идентификација.

2. При пропишување на лекови на рецепт за **странски осигурени лица со постојан престој (живеалиште) во РСМ со основ на осигурување 9.2 или 17**, лекарот го употребува рецептниот образец за пропишување на лек за осигуреник на ФЗО (**Образец РО1**), при што:

a) Во случај кога рецептот се пропишува на носителот на осигурувањето лично, во првиот дел на рецептот, од страна на лекарот се пополнуваат сите податоци и тоа: подрачна служба, име и презиме, адреса, ЕМБГ, ЕЗБО, основ на осигурување (9.2 или 17), се до делот од рецептот со наслов *„Податоци за носителот на осигурување"*, кој во овој случај не треба да се пополнува.

b) Во случај кога рецептот се пропишува на член на семејството на носителот на осигурување, во првиот дел на рецептот од страна на лекарот се пополнуваат сите податоци за членот на семејството на кој е пропишан рецептот и задолжително се пополнува и делот со наслов *„Податоци за носителот на осигурување"* со потребните податоци за носителот на осигурувањето и тоа: име и презиме, ЕМБГ, ЕЗБО.

### 3.1.2. Пополнување на податоци за пропишан лек во рецепт на товар на Фондот

Во вториот дел на рецептот, од страна на избраниот лекар/лекарот замена/дежурниот лекар/руралниот лекар се пополнуваат следните податоци за лекот кој се пропишува, на следниот начин:

Полето „**Алергии/состојби**" се пополнува доколку кај осигуреното лице има одредени алергии/состојби кои е потребно да бидат познати при издавањето на лекот.

При пропишување лекови од *Листата на лекови кои паѓаат на товар на Фондот* на рецепт, особено за лековите за кои е потребна претходна препорака од лекар специјалист/супспецијалист (дадена на извештај или отпусно писмо) или лекарски конзилиум (дадена на конзилијарно мислење), се пополнуваат полињата: „**Број на препорака**", „**Датум на препорака**" и „**Број на факсимил на специјалист/супспецијалист/конзилиум**", и тоа:

- за **извештај или отпусно писмо**, се внесува бројот на упатот од медицинскиот документ, датумот на издавање на медицинскиот документ и факсимилот на лекарот специјалист/супспецијалист, кој ја дал препораката (се внесува во првото поле од „Број на факсимил на специјалист/супспецијалист/конзилиум"),
- за **конзилијарно мислење**, се внесува архивскиот број со кој е заведен овој медицински документ во здравствената установа од која е издаден, датумот на архивската заверка на документот, и факсимилите на лекарите специјалисти/супспецијалисти кои ја дале

препораката (се пополнуваат првото, второто и третото поле од „Број на факсимил на специјалист/суспецијалист/конзилиум").

Лекарот го пополнува и полето „**МКБ шифра на дијагноза**", со **целосно внесување на шифра** според МКБ-10 (Меѓународната класификација на болести, 10-та ревизија) и/или МКБ-10-АМ (Меѓународната класификација на болести, 10-та ревизија, Австралиска модификација). Се препорачува користење на попрецизни МКБ-10 шифри.

Полињата: **Н**, **А** и **Х**, се пополнуваат соодветно за пропишаната терапијата:

- Н - лекови од групата на наркотика (опијати),
- А - лекови за акутни заболувања и
- Х - лекови за хронични заболувања.

При пропишување на лекови од групата на **наркотика (опијати)** во рецептот се означува полето Н, се пополнува полето „Датум на пропишување" со датумот на пропишување на рецептот, а полето „Датум на важност од (за хронична терапија)" не се пополнува. Важноста на овој рецепт е 5 дена од датумот на пропишување (вклучувајќи го и денот на пропишување).

При пропишување на лекови за терапија на **акутни заболувања** во рецептот се означува полето А, се пополнува полето „Датум на пропишување" со датумот на пропишување на рецептот, а полето „Датум на важност од (за хронична терапија)" не се пополнува. Важноста на овој рецепт е 3 дена од датумот на пропишување (вклучувајќи го и денот на пропишување).

**Дежурниот лекар** при пропишување на лекови на рецепт на товар на Фондот го означува полето А, го пополнува полето „Датум на пропишување" со датумот на пропишување на рецептот, додека полето „Датум на важност од (за хронична терапија)" не го пополнува. Важноста на овој рецепт е само во денот кога е пропишан лекот од дежурниот лекар.

При пропишување на лекови за терапија на **хронични заболувања** во рецептот се означува полето Х, се пополнува полето „Датум на пропишување" со датумот на пропишување на рецептот, а во полето „Датум на важност од (за хронична терапија)" се внесува датумот од кога почнува важноста на рецептот. Важноста на овој рецепт е 30 дена сметано од „Датум на важност од (за хронична терапија)" (вклучувајќи го и денот на важност од).

Според *Правилникот за содржината и начинот на остварувањето на правата и обврските од задолжителното здравствено осигурување*, за хронични болести, избраниот лекар **може да пропише рецепти за 180 дена** терапија, со точно означен датум на важност на рецептите во полето „Датум на важност од (за хронична терапија)".

Во случај кога препораката за терапија со лекот е дадена од страна на лекар специјалист/супспецијалист (дадена на извештај или отпусно писмо) или лекарски конзилиум (дадена на конзилијарно мислење), потребно е од страна на лекарот **да се внимава** на следното:

- за <u>наркотика (опијати) и акутна терапија</u>, „Датумот на пропишување" на рецептот треба да биде во периодот на важноста на медицинскиот документ со кој е дадена препораката,
- за <u>хронична терапија</u>, „Датумот на пропишување" и „Датумот на важност од" на рецептот треба да бидат во периодот на важноста на медицинскиот документ со кој е дадена препораката за

лекот. На ова посебно треба да се внимава при пропишување на рецепти за повеќе месечна терапија, односно колку рецепти ќе се издадат за дозволениот период од 180 дена.

Според *Правилникот за содржината и начинот на остварувањето на правата и обврските од задолжителното здравствено осигурување*, за лековите на рецепт од Листата на лекови на товар на Фондот кои се пропишуваат по препорака на лекар специјалист/супспецијалист од соодветна медицинска специјалност или лекарски конзилиум од соодветна клиника, односно болница (извештај од специјалист/супспецијалист, отпусно писмо или конзилијарно мислење), препораката важи до денот на извршениот контролен преглед, но не подолго од една година од денот на издавање на препораката. Препораката за лек дадена во отпусно писмо од приватна здравствена установа која има склучено договор со Фондот, кога нема промена на препорачаната терапија важи најмногу до една година.

Лекарот е должен да ги пропише лековите целосно и уредно, по **генеричко име (INN) на лекот со фармацевтска дозажна форма и јачина**, со назначена **количина на лекот** и **сигнатура** (дозирање, начин на примена на лекот) и **времетраење на терапијата** (во денови), според важечките прописите.

За **количината на лекот на рецепт**, лекарот на еден рецепт пропишува само едно оригинално пакување на лекот, освен за лековите чии оригинални пакувања се делат, кои се пропишуваат по единица фармацевтска дозажна форма, според *Одлуката за утврдување на лекови чии оригинални пакувања се делат*, донесена од Управниот одбор на Фондот.

За акутни болести за едно осигурено лице лекарот може да пропише лек на рецепт во потребна количина за терапија најмногу до 8 дена.

За хронични болести, наркотици и опојни средства, за едно осигурено лице лекарот може да пропише лек на рецепт во количина за терапија најмногу до 30 дена.

За **времетраењето на терапијата со лекот,** лекарот на рецептот го наведува предвиденото времетраење на терапијата со лекот кој се пропишува во денови, кое времетраење се однесува на дозирањето и количината на лекот која се пропишува на тој рецепт (едно оригинално пакување или количина во единица фармацевтска дозажна форма за лековите чии оригинални пакувања се делат).

*Пример 1:* Ако лекот кој се пропишува за хронична терапија има дозирање 3 x 1 таблета, а оригиналното пакување содржи 30 таблети, во тој случај лекарот треба да издаде 3 рецепти со назначено времетраење на терапија од 10 дена, на секој рецепт посебно.

*Пример 2:* Ако лекот кој се пропишува за акутна терапија има дозирање на 8 часа x 1 таблета (3 x 1), а оригиналното пакување содржи 30 таблети, во тој случај лекарот треба да издаде 1 рецепт со назначено времетраење на терапија од најмногу 8 дена.

При пропишувањето на лек на рецепт за лекови од групата наркотика (опијати) и лекови за акутна или хронична терапија, лекарот е потребно на осигуреното лице да му пропишува **доволен број на рецепти** со кои осигуреното лице би се обезбедило со потребниот лек за периодот на терапија, согласно одредбите наведени *Правилникот за содржината и начинот на остварувањето на правата и обврските од задолжителното здравствено осигурување*.

На пример, во случај кога бројот на единици во едно оригинално пакување на лекот не се доволни за покривање на вкупниот потребен период за терапија, кој според Правилникот е најмногу 8 дена (за

акутни заболувања) или најмногу 30 дена (за хронични заболувања), лекарот пропишува соодветен број на рецепти со кој треба да се покрие целиот вкупен потребен период за терапија. Во ваков случај кога во еден месец лекарот пропишува повеќе рецепти за лек за хронична терапија, при што оригиналото пакување на лекот кое осигуреното лице може да го подигне на тие рецепти во аптека содржи вкупен број на единици од лекот кој ќе го надмине периодот од 30 дена, потребно е лекарот при пропишувањето на рецепти за наредниот/те месец/и **да го нивелира бројот на рецепти кои ќе ги пропише**, односно во наредниот/те месец/и треба да пропише помал број на рецепти.

Во случај кога лекот на рецепт се пропишува од страна на дежурен лекар или рурален лекар, во рецептниот образец се пополнуваат полињата „**шифра на дежурна лекарска служба**" или „**шифра на рурална служба**", соодветно.

## 3.2. Издавање на лек на рецепт на товар на Фонд во аптека

Во ПЗУ аптека, аптекарска станица или подвижна аптека, која има склучен и активен договор со Фондот (во понатамошниот текст: аптека), на осигуреното лице врз основа на правилно пополнет и валиден рецептен образец на Фондот му се издава лек од Листата на лекови кои паѓаат на товар на Фондот за примарна здравствена заштита, согласно условите утврдени во Листата на лекови, вклучително и режимот на пропишување и индикациите.

Лековите на рецепт на товар на Фондот се пропишуваат со нивното генеричко име, фармацевтска дозажна форма и јачина, при што осигуреното лице има право да избере кое заштитено име од пропишаната генерика со форма и јачина ќе му биде издадено на рецепт.

Во аптека може да се издаде лек на рецепт на товар на Фондот за кој од страна на Фондот има утврдено референтна цена.

Издавањето на лек на рецепт на товар на Фондот во аптека се врши од страна на фармацевт или фармацевтски техничар под контрола на фармацевт, кои се дел од фармацевтскиот кадар евидентиран во договорот со Фондот.

Фармацевтот и фармацевтскиот техничар, издавањето на лек на товар на Фондот го вршат електронски преку системот Мој термин врз основа на електронски пропишан лек на рецепт од страна на лекар, односно со електронска реализација на електронски креираниот рецепт. Ваквиот начин на издавање на лек на рецепт преку системот Мој термин треба да се врши во согласност со техничките упатства на Министерството за здравство (Управата за електронско здравство), при што работењето во сопствените софтверски програми на аптеките треба да е усогласено со техничките упатства и други упатства на Министерството за здравство (Управата за електронско здравство) и Фондот.

Фармацевтот/фармацевтскиот техничар е должен во рецептниот образец на Фондот да го пополни целосно, правилно и точно **третиот дел од рецептот,** со податоците за издавањето на лекот.

Во зависност од лекот кој е пропишан, односно од времетраењето на терапијата со лекот, издавањето на лек на рецепт во аптека се врши на следниот начин:

- За лекови од групата **наркотика/опијати** – врз основа на електронски пропишан рецепт преку системот Мој термин и рецепт во испечатена хартиена форма во два идентични примероци со

назнака „копија" на вториот примерок, при што рецептот треба да е идентично пополнет во електронската и во хартиената форма.

- За лекови за **акутна терапија** – врз основа на електронски пропишан рецепт преку системот Мој термин и рецепт во испечатена хартиена форма, при што рецептот треба да е идентично пополнет во електронската и во хартиената форма.
- За лекови за **хронична терапија** – врз основа на електронски пропишан рецепт преку системот Мој термин.

Испечатениот хартиен рецепт се заверува од фармацевтот/фармацевтскиот техничар со читливи и препознатливи: личен факсимил/шифра и печат на здравствената установа аптека–организациона единица, потврдени со личен рачен потпис. Во случај кога лекот се издава од страна на фармацевтски техничар, испечатениот хартиен рецепт треба дополнително да биде контролиран, одобрен и заверен и од страна на фармацевтот со негов факсимил и личен рачен потпис.

При прераспределба на вработените од една во друга организациона единица во рамките на ист правен субјект до 30 дена, која здравствената установа согласно договорот со Фондот ја врши со писмена наредба од директорот на здравствената установа, прераспоредениот фармацевт/фармацевтски техничар ги заверува рецептите за издадените лекови на товар на Фондот само во организационата единица во која е прераспореден.

Рецептите за кои се издадени лекови од групата наркотика/опијати се евидентираат во книга за евиденција за опојните дроги и психотропни супстанции препишани на рецепт, при што вториот примерок од рецептот со назнака „копија" се означува со редниот број од книгата за евиденција за опојните дроги и психотропни супстанции.

Фармацевтот/фармацевтскиот техничар преку системот Мој термин (Управата за електронско здравство) за секое осигурено лице или странско осигурено лице кое остварува права во РСМ согласно законските прописи и склучените (преземените) договори за социјално осигурување, врз основа на документ за лична идентификација (лична карта или пасош) на осигурено лице кое бара издавање на лек во аптеката треба да има можност за увид во листа на електронски пропишаните рецепти (чија важност не е надмината) за тоа осигурено лице. Исто така, фармацевтот/фармацевтскиот техничар преку системот Мој термин (Управата за електронско здравство) треба да има увид и во претходно електронски реализираните рецепти, односно рецептите за кои се издадени лекови во аптека во претходниот период.

Согласно техничкото упатство на Министерството за здравство (Управата за електронско здравство), фармацевтот или фармацевтскиот техничар кој што електронски го реализирал рецептот, има можност да го поништи т.е. сторнира електронскиот рецепт, односно издавањето на лекот, во рок од 15 минути од електронската реализација на рецептот во тој систем.

Доколку аптекарите имаат прашања по однос на работењето со системот Мој термин потребно е да се обратат во Управата за електронско здравство, http://mojtermin.mk/patients/about-us

За време на дежурството аптеката може да издава лекови на рецепт пропишани од лекари од дежурна служба (кои се утврдени со Одлука на Управниот одбор на Фондот), како и останати лекови од Листата на лекови кои паѓаат на товар на Фондот за примарна здравствена заштита, врз основа на рецепт пропишан од избран лекар, негова замена или рурален лекар. Пропишаниот лек на рецепт од дежурен

лекар во дежурна служба, осигуреното лице може да го подигне во дежурна аптека и во секоја друга аптека во текот на денот, односно за време на важење на рецептниот образец.

### 3.2.1. Пополнување на податоци за издавање на лек на рецепт на товар на Фондот

Во третиот дел на рецептот од страна на фармацевтот/фармацевтскиот техничар се пополнуваат следните податоци за издавањето на лекот, на следниот начин:

Во полето „**Шифра на издаден лек**" се внесува шифрата утврдена од страна на Фондот за лекот кој се издава и која се однесува на заштитеното име, фармацевтската дозажна форма, јачината, пакувањето и производителот на лекот.

Во аптека на осигуреното лице за акутни заболувања може да му биде издаден лек на рецепт во потребна количина за терапија до 8 дена, а за хронични болести во количина потребна за терапија до 30 дена.

Количината на издадениот лек се внесува во едно од полињата: „**Пакување**" или „**Број на парчиња на лекот**".

За лековите кои се издаваат во оригинално пакување, на рецептниот образец во полето „Пакување" се внесува бројот 1, додека за лековите чии оригинални пакувања се делат, согласно *Одлуката на Управниот одбор на Фондот за утврдување на лекови чии оригинални пакувања се делат*, во полето „Број на парчиња на лекот" се внесува бројот на издадени единици од лекот (таблети, капсули...).

Количината на издадените единици на лек, чие оригинално пакување се дели, треба да биде еднаква на пропишаните единици од лекот од страна на лекарот и помала или еднаква на бројот на единици во оригиналното пакување на лекот кој се издава.

За лековите за кои е утврдено дека нивните оригинални пакувања се делат може да се издаде најмногу едно оригинално пакување на лекот врз основа на рецептен образец пропишан по единица фармацевтска дозажна форма.

Во аптека при издавањето на лек на рецепт за лекови од групата наркотика (опијати) и лекови за акутна или хронична терапија, потребно е на осигуреното лице да му се издаде **соодветната количина на лек** со кои осигуреното лице би се обезбедило за предвидениот период на терапија, согласно одредбите наведени *Правилникот за содржината и начинот на остварувањето на правата и обврските од задолжителното здравствено осигурување*.

Осигуреното лице има право на избор на лек по заштитено име, кое може да му биде издадено врз основа на уреден и важечки рецепт за лекот по пропишаното генеричко име со форма и јачина. Во аптека може да биде издадено и помало или поголемо пакување од пропишаниот лек, соодветно за покривање на временскиот период назначен за терапија со лекот. Но, при ова мора да се внимава колкава количина од лекот се издава на осигуреното лице со проверка на **историјата, односно прегледот на реализирани рецепти за тоа осигурено лице и за тој лек**. Оваа историја, односно преглед за секое осигурено лице на ниво на сите аптеки со договор со Фондот, е обезбедена преку системот на Управата за електронско здравство (системот Мој термин).

На пример, во случај кога за еден месец од страна на лекарот се пропишани повеќе рецепти за лек за **хронична терапија**, во аптека може да се издаде количина од пропишаниот лек со која ќе се покрие периодот од 30 дена согласно Правилникот, но ако при тоа сите оригинални пакувања на лекот кој се издава содржат вкупен број на единици од лекот кои ќе го надминат периодот од 30 дена, потребно е во аптека при издавањето на рецепти за наредниот/те месец/и **да се нивелира бројот на пакувања кои ќе се издадат**, односно во наредниот/те месец/и треба да се издадат помал број пакувања од лекот.

*Пример:* ако лекот е пропишан на два рецепти во количина од 1 пакување, со дозирање 1 x 1 таблета и предвидено времетраење на терапија од 30 дена, а оригиналното пакување кое треба да се издаде во аптека содржи 28 таблети, во тој случај во аптека врз основа на двата пропишани рецепти може да се издадат 2 оригинални пакувања од лекот со 28 таблети, со што во наредниот/те месец/и ќе треба да се издаде на тоа осигурено лице од тој лек само по 1 оригинално пакување со 28 таблети со цел да се нивелира точниот број на пакувања кои ќе му се потребни на осигуреното лице за хронична терапија со тој лек.

Во случај кога од страна на лекарот е пропишан рецепт за **акутна терапија**, во аптека може да се издаде количина од пропишаниот лек со која ќе се покрие периодот од најмногу 8 дена согласно Правилникот и кога оригиналното пакување на лекот кој се издава содржи вкупен број на единици од лекот кои го надминуваат периодот од 8 дена.

*Пример:* ако лекот е пропишан на еден рецепт во количина од 1 пакување, со дозирање на 8 часа x 1 таблета и предвидено времетраење на терапија од 8 дена, а оригиналното пакување кое треба да се издаде во аптека содржи 30 таблети, во тој случај во аптека врз основа на пропишаниот рецепт може да се издаде 1 оригинално пакување од лекот со 30 таблети.

Во полето „**Датум на издавање на лекот**" се внесува датумот на кој лекот се издава на осигуреното лице. Овој датум треба да е во периодот на важноста на рецептот и тоа:

- за лекови од групата на **наркотика (опијати)** - важноста на рецептот е 5 дена од „датумот на пропишување" (вклучувајќи го и денот на пропишување)
- за **акутни заболувања** - важноста на рецептот е 3 дена од „датумот на пропишување" (вклучувајќи го и денот на пропишување)
- за рецепти пропишани од **дежурен лекар** - важноста на рецептот е само во денот кога е пропишан лекот на рецепт
- за **хронични заболувања** - важноста на рецептот е 30 дена сметано од „датум на важност од (за хронична терапија)" (вклучувајќи го и денот на важност од).

Во полето „**Шифра на аптека-организациона единица**" се внесува шифрата на организационата единица на аптеката во која се издава лекот, а за која аптеката има склучено договор со Фондот.

Полињата „**Број на спецификација**" и „**Реден број на рецептот во спецификација**" се полиња кои се пополнуваат за секој рецепт за издаден лек на товар на Фондот во постапката на фактурирање на рецептите од аптеката кон Фондот. Овие податоци се пополнуваат во електронските фајлови кои аптеката ги доставува преку веб порталот на Фондот од кои се генерираат: збирен рекапитулар, фактури и спецификации, како и на испечатени хартиените рецепти за: лекови од групата

наркотика/опијати и лекови за акутна терапија, кои се доставуваат до Фондот како дополнителна документација на збирниот рекапитулар и фактурите.

Во случај на потреба за корекција на податок во третиот дел од испечатениот хартиен рецепт, може да се изврши корекција само во делот на: фондовска шифра на издаден лек, број на спецификација и реден број на рецепт во спецификација, но при тоа да биде запазено дека сите податоци од хартиениот рецепт треба да се идентични со податоците од електронски реализираниот рецепт во системот Мој термин и со податоците за рецептите во електронските фајлови кои се доставуваат преку веб порталот на Фондот во постапката на фактурирање. Ваквата корекција на хартиениот рецепт треба да биде потврдена од страна на фармацевтот со негов факсимил и потпис.

За рецептите за скапи лекови, утврдени со *Правилникот за критериумите за склучување на договори и начинот на плаќање на здравствените услуги од приватните здравствени установи аптеки* и *Одлуката на Управниот одбор на Фондот за утврдување на скапи лекови од Листата на лекови кои паѓаат на товар на Фондот што се издаваат на рецепт во примарна здравствена заштита*, осигуреното лице треба да приложи копија од медицинската документација со која се препорачани лековите (извештај од лекар специјалист/супспецијалист, отпусно писмо или конзилијарно мислење), во зависност од режимот на пропишување предвиден во *Листата на лекови кои паѓаат на товар на Фондот*. Податоците од приложената копија од медицинската документација, како што се: број на препорака, датум на препорака и број на факсимил на специјалист/супспецијалист/конзилиум, треба да одговараат со соодветните податоци наведени во рецептот.

При издавањето на скапите лекови за кои е потребно приложување на копија од медицински документ од страна на осигуреното лице, потребно е од страна на фармацевтот/фармацевтскиот техничар **да се внимава** на следното:

- за акутна терапија и наркотика (опијати), „Датумот на пропишување" на рецептот треба да биде во периодот на важноста на медицинскиот документ со кој е дадена препораката, додека „Датумот на издавање" на рецептот треба да биде во периодот на важноста рецептот, и тоа 3 дена за акутна терапија, односно 5 дена за наркотика (опијати),
- за хронична терапија, „Датумот на пропишување" и „Датумот на важност од" на рецептот треба да бидат во периодот на важноста на медицинскиот документ и во склад со препорачаното времетраење на терапијата со лекот за кој е дадена препораката, додека „Датумот на издавање" на рецептот треба да биде во периодот на важноста на рецепт од 30 дена.

Доколку осигуреното лице е ослободено од плаќање на партиципација за лековите на рецепт од *Листата на лекови кои паѓаат на товар на Фондот* врз основа на *Законот за здравствено осигурување*, при издавањето на лек на рецепт на товар на Фондот во аптека треба да приложи копија од важечка потврда за ослободување од партиципација издадена од надлежен ЈУ Меѓуопштински центар за социјална работа.

За рецептите за странските осигурени лица, странското осигурено лице треба да достави копија од договорен меѓународен двојазичен образец или копија од Потврда за право на здравствена заштита (образец ППСЗ или образец ППСЗ/1 или образец ППСЗ/3) издадена од подрачна служба на Фондот или копија од европска картичка за здравствено осигурување (European Health Insurance Card-EHIC) или копија од Привремена Потврда/Сертификат доколку европската картичка е во изработка.

Во случаите на доставување на копија од медицинска документација, потврда за ослободување од партиципација или документ за странско осигурено лице кое остварува права во РСМ согласно законските прописи и склучените (преземените) договори за социјално осигурување, потребно е фармацевтот или фармацевтскиот техничар, на овој документ да го запише: бројот на спецификацијата и редниот број на рецептот во спецификацијата, и да го завери со свој факсимил/шифра и потпис.

## 4. Референтни документи

- Закон за здравствено осигурување и подзаконски акти донесени врз основа на овој закон
- Правилник за содржината и начинот на остварувањето на правата и обврските од задолжителното здравствено осигурување
- Одлука за утврдување на обрасците предвидени во Правилникот за содржината и начинот на остварувањето на правата и обврските од задолжителното здравствено осигурување
- Листа на лекови кои паѓаат на товар на ФЗО
- Правилник за критериумите за склучување на договори и начинот на плаќање на здравствените услуги од ПЗУ аптеки
- Одлука за утврдување на лекови кои може да ги пропишуваат лекарите во дежурната служба
- Одлука за утврдување на лекови чии оригинални пакувања се делат
- Одлуката на Управниот одбор на Фондот за утврдување на скапи лекови од Листата на лекови кои паѓаат на товар на Фондот што се издаваат на рецепт во примарна здравствена заштита
- Договори на ФЗО со здравствени установи во примарна здравствена заштита
- Упатство за начинот на работа на руралните лекари во здравствените домови
- Одлука за утврдување на референтни цени на лекови кои се на Листата на лекови кои паѓаат на товар на ФЗО
- Шифрарник на лекови од Листата на лекови кои паѓаат на товар на ФЗО со референтна цена

## 5. Записи

| Име на записот | Ознака | Носител | А/Б |
|---|---|---|---|
| Рецепт за пропишување на лек (Образец РО1) | / | Директор на ФЗО/Директори на сектори во ФЗО/ Раководители на одделенија во ФЗО/ Раководители на Подрачни служби на ФЗО/одговорни лица за процесите во ФЗО/здравствени работници кои вршат дејност во здравствени установи од примарната здравствена заштита кои имаат склучен договор со ФЗО | Листа на документиран материјал со рокови за негово чување |
| Рецепт за пропишување на лек за странски осигуреник (Образец РО2) | / | Директор на ФЗО/Директори на сектори во ФЗО/ Раководители на одделенија во ФЗО/ Раководители на Подрачни служби на ФЗО/одговорни лица за процесите во ФЗО/здравствени работници кои вршат дејност во здравствени установи од примарната здравствена заштита кои имаат склучен договор со ФЗО | Листа на документиран материјал со рокови за негово чување |

ФОНД ЗА ЗДРАВСТВЕНО ОСИГУРУВАЊЕ НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

Образец РО1

**РЕЦЕПТ Бр.** ______________

Подрачна служба ______________

Име и презиме ______________

Адреса ______________

ЕМБГ |_|_|_|_|_|_|_|_|_|_|_|_|_|  ЕЗБО |_|_|_|_|_|_|_|_|_|_|

Основ на осигурување |_|_|_|

*Податоци за носителот на осигурување*

Име и презиме ______________

ЕМБГ |_|_|_|_|_|_|_|_|_|_|_|_|_|  ЕЗБО |_|_|_|_|_|_|_|_|_|_|

Алергии/состојби ______________

Број на препорака: |_|_|_|_|_|_|_|_|_|_|  Датум на препорака: |_|_|_|_|_|_|_|_|

Број на факсимил на специјалист / супспецијалист / конзилиум |_|_|_|_|_|_|  |_|_|_|_|_|_|  |_|_|_|_|_|_|

Н |_| А |_| Х |_|  |_|_|_|_|_|

МКБ шифра на дијагноза

**Rp.**

*Генеричко име (INN), форма и јачина на лек:*

*Количина на лек:*

*Сигнатура:*

*Времетраење на терапија (денови):*

М.П.

| datum | | |
|---|---|---|
| датум на пропишување | датум на важност од (за хронична терапија) | факсимил и потпис на лекар |

Шифра на дежурна лекарска служба |_|_|_|_|_|_|  Шифра на рурална служба |_|_|_|_|_|

Шифра на издаден лек |_|_|_|_|_|_|  Шифра на аптека - организациона единица |_|_|_|_|_|_|_|_|

Број на парчиња на лекот |_|_|_|  Број на спецификација |_|_|_|_|_|

Пакување |_|  Реден број на рецептот во спецификација |_|_|_|_|_|

М.П.

| | | |
|---|---|---|
| датум на издавање на лекот | шифра и потпис на фармацевтскиот техничар | факсимил и потпис на фармацевтот |


Адреса: Ул. Македонија, бр. 5, 1000 Скопје
Adresa: Rr. Maqedonia, nr. 5, 1000 Shkup
Тел/Tel: 02/3289-000
Факс/Faks: 02/3289-048
e-mail: info@fzo.org.mk
www.fzo.org.mk

ФОНД ЗА ЗДРАВСТВЕНО ОСИГУРУВАЊЕ НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

**РЕЦЕПТ Бр. ______________** Образец РО2

**ЗА СТРАНСКИ ОСИГУРЕНИК**

Подрачна служба ______________________________

Име и презиме ______________________________

Адреса ______________________________

Број на здравствено осигур. / идентификација | | | | | | | | | | |

Број на Сертификат / EHIC | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | |

Држава ______________________ Датум на раѓање | | | | | | | | |

*Податоци за носителот на осигурување:*

Име и презиме ______________________________

Број на здравствено осигур. / идентификација | | | | | | | | | | |

Алергии/состојби ______________________________

Број на препорака: | | | | | | | | | | Датум на препорака: | | | | | | | | |

Број на факсимил на специјалист / супспецијалист / конзилиум | | | | | | | | | | | | | | | | | | |

Н ☐ А ☐ Х ☐ | | | | | | МБК шифра на дијагноза

**Rp.**

*Генеричко име (INN), форма и јачина на лек:*

*Количина на лек:*

*Сигнатура:*

*Времетраење на терапија (денови):*

М.П.

______________ датум на пропишување

______________ датум на важност од (за хронична терапија)

______________ факсимил и потпис на лекар

Шифра на дежурна лекарска служба | | | | | | | Шифра на рурална служба | | | | | | |

Шифра на издаден лек | | | | | | | Шифра на аптека – организациона единица | | | | | | | | | |

Број на парчиња на лекот | | | | Број на спецификација | | | | | | |

Пакување | | Реден број на рецептот во спецификација | | | | | | |

М.П.

______________ датум на издавање на лекот

______________ шифра и потпис на фармацевтскиот техничар

______________ факсимил и потпис на фармацевтот